СТ-72/17

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА, со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Перо Дуноски од Струга, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Трговско друштво за производство трговија и услуги КИКИ-ТВИНС 2009 Струга ДООЕЛ со седиште во Струга, на рочиштето од 19.09.2017 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Стечајната постапка започната према стечајниот должник Трговско друштво за производство трговија и услуги КИКИ-ТВИНС 2009 Струга ДООЕЛ со седиште во Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 6527850, даночен број 4026009507411, со трансакциска сметка број 210-00652785001-90 при Тутунска банка АД Скопје, **СЕ ОТВОРА И СЕ ЗАКЛУЧУВА.**

СЕ НАЛАГА бришење на стечајниот должник од Трговскиот регистар во Централниот регистар на Република Македонија и други соодветни регистри.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник затекнатите парични средства на трансакциските сметки на должникот да распредели на трошоците за заклучување на постапката а остатокот да го пренесе во Буџетските средства на РМ при НБРМ со жиро сметка 1000000000630 95, сметка на буџетски корисник 2901000922 696 13, приходна шифра 725939 програма 20.

## Образложение

Предлагачот Перо Дуноски од Струга, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Трговско друштво за производство трговија и услуги КИКИ-ТВИНС 2009 Струга ДООЕЛ со седиште во Струга.

За да се утврди дали се исполнети условите за отворање стечајна постапка судот поведе претходна постапка и ја именува Менка Костојчиноска за привремен стечаен управник.

На одржаното рочиште привремениот стечаен управник достави извештај со наод и мислење според кое, врз основа на изведените докази произлезе дека должникот нема имот кој би влегол во стечајната маса или истиот е недоволен и за намирување на трошоците на таа постапка, бидејќи е со незначителна вредност.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 68 став 1 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од објавувањето во Сл. В на РМ до Апелациониот суд во Битола

**Д-ви на :**

* предлагачот,
* приврем.стечаен управник
* ВЕБ страната на судот
* Сл.В. на РМ

**По правосилноста на:**

* Централен регистар
* Депозитната банка